**Прилог:** Дополнителни правила за учество на ЕМС.

1. Изборот на екипи за учество се ЕМС се врши од единствените ранг листи од пласманот на учениците од основното и средното образование на соодветните државни натпревари, ЈММО і ММО во претходната учебна година.
2. На јавен повик од страна на СММ учениците сами се пријавуваат за учество на натпреварот. Од пријавените ученици се прават единствени ранг листи, како за учениците од основното така и за учениците од средното образование. Се прават две листи одвоено. Една листа учесници-СЕНИОРИ, и друга листа на учесници-ЈУНИОРИ. Прво се рангираат учениците кои учествувале на ММО и ЈММО во претходната учебна година, според пласманот на истите. Доколку листите не се пополнат истите се дополнуваат со кандидати учесници на државните натпревари, според пласманот на истите, по број на освоени поени. Доколку по претходно опишаната постапка некоја од листите не се пополни, истата може да се дополни со кандидати од другата категорија на учесници на истиот начин.
3. На натпреварот учествуваат онолку ученици од основото и средното образование, од единствените ранг листи по категории одделно, колку што се квотите кои ги дозволил организаторот на натпреварот.
4. Натпреварот го спроведува Комисијата за меѓународни натпревари при СММ заедно со назначеното лице од страна на организаторот за претставник на натпреварот во Република Македонија.
5. Натпреварот на теоиторијата на Република Македонија се одржува на место и во ден одреден од Претседателот на Комисијата за маѓународни натпревари при СММ, во договор со назначеното лице од член 4.
6. Распоредот на натпреварува;ите по категории (сениор или јуниор) се прави на следниот начин:
   a) учениците-натпреварувачи кои на денот на натпреварот имаат помалку од 17 години но учествувале на ИМО (интернационална математичка олимпијада) не може да се натпреваруваат во категоријата ЈУНИОР.
   b) Ученици-натпреварувачи кои на денот на натпреварот имаат помалку од 17 години, не учествувале на ИМО, но учествувале на БМО (балканска математичка олимпијада) или на ЈБМО (јуниорска балканска математичка олимоијада) одбираат категорија во која ќе учествуваат.
   c) Ученици-натпреварувачи кои на денот на натпреварот имаат помалку од 17 години, а не учествувале на ИМО, БМО или ЈБМО не може да учествуваат во категоријата СЕНИОР
   d) Ученици-натпреварувачик кои на денот на натпреварот имаат повеќе од 17 години не може да учествуваат во категоријата ЈУНИОР.
7. Азбуката на која треба да се решаваат задачите е латиница а јазикот е хрватски, или решенијата да бидат напишани на англиска јазик.

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ •